# ГОДИШНА ДАНОЧНА ПРИЈАВА - НАЈВИСОКИ ПРИХОДИ ВО 2022

За календарската 2022 година, Управата за јавни приходи изготви и достави претпополнета Годишна даночна пријава за 789. 761 граѓани. Искажаниот годишен бруто доход во пријавите изнесува 413.848.537.742 денари, а пресметаниот данок на личен доход е во износ од 25.724.147.207 денари. Во однос на 2021 година вкупниот приход на граѓаните во 2022 година е за 47.2 милијарди денари повисок, следствено на тоа и данокот на личен доход е за 3.3 милијарди денари повисок во 2022 година.
Годишните даночни пријави Управата за јавни приходи ги изготвува врз основа на податоците од:

- пресметките за исплата на доход поднесени од страна на компаниите во земјава,
- пресметките во кои граѓаните пријавиле дека оствариле доходот од физички лица од земјава,
- пресметките во кои граѓаните пријавиле дека оствариле доход од странски компании и странски физички лица, и
- годишниот даночен биланс и решенијата за данок на личен доход кој се утврдува според паушално утврден нето-доход од вршење самостојна дејност.

| Поднесени ГДП 2022 | 789.761 |
|---|---|
| Утврден бруто приход во поднесени ГДП | 413.848.537.742 |
| **Утврден персонален данок во поднесени ГДП** | **25.724.147.207** |
| Вкупно решенија по ГДП (службено потврдени) | 623.369 |
| Вкупно бруто приходи по ГДП | 343.640.080.475 |
| Вкупно персонален данок | 20.974.770.366 |
| **Вкупно потврдени ГДП од обврзници** | **21.380** |
| Вкупно бруто приходи по потврдени ГДП | 28.450.476.575 |
| Вкупно персонален данок по потврдени ГДП | 2.164.086.624 |
| Вкупно ГДП хартиени | 143.785 |
| **Вкупно бруто приходи по хартиени ГДП** | **40.157.282.544** |
| Вкупно персонален данок по хартиени ГДП | 2.461.918.059 |
| Вкупно коригирани ГДП | 807 |
| Вкупно бруто приходи по коригирани ГДП | 1.483.179.648 |
| **Вкупно персонален данок по коригирани ГДП** | **116.332.650** |

Најголем број Годишни даночни пријави се однесуваат за подрачјето на Регионална Дирекција Скопје односно: 280.322 Годишни даночни пријави во РД Скопје; 104.998 Годишни даночни пријави во РД Битола; 109.166 Годишни даночни пријави во РД Прилеп; 75.285 Годишни даночни пријави во РД Струмица; 90.421 Годишни даночни пријави во РД Тетово; и 129.569 Годишни даночни пријави во РД Штип. Годишните даночни пријави, граѓаните на своите кориснички профили на „е-Персонален данок" имаа можност до 30.05.2023 година да ги прегледаат и истите да ги потврдат или да ги коригираат. Оние кои ниту ги потврдиле ниту ги коригирале Управата за јавни приходи службено ги потврди. 21.380 граѓани ги потврдија пријавите, 807 граѓани ги кореигираа пријавите, а УЈП автоматски односно службено потврди 623.369 пријави.

За 62.455 граѓани утврден е бруто-доход над 1 милион денари, додека најголемиот број на граѓани, односно 617.854, оствариле бруто-доход кој се движи во прагот од 100 илјади до 1 милион денари.

Во однос на 2021 година, во 2022 година зголемен е бројот на граѓани кои оствариле доход кој спаѓа во врвните прагови, односно 28 граѓани во 2022 оствариле над 100 милиони денари што е за тројца повеќе во однос на 2021 година, а 995 граѓани оствариле приходи во прагот од 10 до 100 милиони денари што е за 238 лица повеќе од 2021 година.

| Прагови на остварени приходи | Број на даночни обврзници | Вкупен бруто доход |
|---|---|---|
| над 100.000.000 | 28 | 4.777.429.119 |
| од 10.000.001-100.000.000 | 995 | 20.321.898.517 |
| од 1.000.001-10.000.000 | 62.455 | 114.025.043.249 |
| од 100.001-1.000.000 | 617.854 | 271.121.180.058 |
| од 10.001-10.0000 | 73.559 | 3.463.506.473 |
| до 10.000 | 34.870 | 139.480.323 |
| **Вкупно** | **789.761** | **413.848.537.739** |

## СКОПЈАНЕЦ Е НА ВРВОТ НА ЛИСТАТА НА НАЈВИСОК ГОДИШЕН БРУТО ДОХОД ЗА 2022 ГОДИНА

Жител од Скопје остварил и пријавил 446 милиони денари годишен бруто – доход.

| Ран. | Вкупно бруто доход | Место |
|---|---|---|
| 1 | 446.045.571 | СКОПЈЕ |
| 2 | 281.051.270 | СКОПЈЕ |
| 3 | 263.786.959 | ТЕТОВО |
| 4 | 255.736.759 | СКОПЈЕ |
| 5 | 225.977.982 | СКОПЈЕ |
| 6 | 213.933.844 | ШТИП |
| 7 | 208.148.566 | БИТОЛА |
| 8 | 203.853.597 | СКОПЈЕ |
| 9 | 197.608.423 | СКОПЈЕ |
| 10 | 182.320.144 | СКОПЈЕ |

## НАЈВИСОКИ ИСПЛАТЕНИ ПЛАТИ ВО 2022 ГОДИНА СЕ ВО ДЕЈНОСТИТЕ

Трговија на големо со производи од тутун; Дејности на болниците; Трговија на големо со фармацевтски производи; Производство на други фабрикувани метални производи неспомнати на друго место; Аптеки; Производство на вино од грозје; Управувачки дејности; и Компјутерско програмирање.

| Ран. | Годишна бруто плата од работен однос | Место | Други лични примања од извршена работа | Место |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 144.948.167 | СКОПЈЕ | 280.627.884 | СКОПЈЕ |
| 2 | 114.272.321 | СКОПЈЕ | 110.788.592 | СКОПЈЕ |
| 3 | 108.994.020 | СКОПЈЕ | 78.820.535 | БИТОЛА |
| 4 | 106.432.590 | СТРУГА | 66.680.359 | КИЧЕВО |
| 5 | 79.303.430 | СКОПЈЕ | 60.588.820 | БИТОЛА |
| 6 | 78.219.360 | СКОПЈЕ | 55.444.709 | СКОПЈЕ |
| 7 | 75.805.884 | СКОПЈЕ | 41.123.927 | СКОПЈЕ |
| 8 | 55.660.668 | СКОПЈЕ | 37.855.053 | СКОПЈЕ |
| 9 | 48.824.289 | СКОПЈЕ | 37.661.698 | СТРУМИЦА |
| 10 | 47.100.000 | СКОПЈЕ | 35.307.122 | БИТОЛА |

Највисоката годишна бруто плата во 2022 година исплатена е на граѓанин од Скопје. Платата е остварена во дејноста трговија на големо со производи од тутун и изнесува 144 милиони денари.

Највисокото лично примање по основ на извршена работа го пријавил граѓанин на Скопје и изнесува 280.6 милиони денари на годишно ниво, а доходот е остварен во странство.

## ДИВИДЕНДИ И КАПИТАЛНИ ДОБИВКИ

173.4 милиони денари е највисоката капитална добивка во 2022 година, а е остварена и пријавена од граѓанин на Скопје кој продал удел во трговско друштво чија дејност е производство на филмови, видео филмови и телевизиска програма, додека највисоката исплатена дивиденда е во износ од 229.6 милиони денари и е исплатена на граѓанин на Скопје кој се јавува како сопственик на удел во компанија чија дејност се болници.

| Ран. | Дивиденди и други приходи од учество во добивката | Место | Капитална добивка | Место |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 229.577.711 | СКОПЈЕ | 173.418.086 | СКОПЈЕ |
| 2 | 212.451.667 | ШТИП | 170.507.152 | СКОПЈЕ |
| 3 | 206.444.444 | БИТОЛА | 157.819.500 | ТЕТОВО |
| 4 | 195.911.103 | СКОПЈЕ | 118.441.305 | СКОПЈЕ |
| 5 | 138.314.771 | БИТОЛА | 116.722.585 | БИТОЛА |
| 6 | 119.330.261 | СКОПЈЕ | 94.823.200 | ТЕТОВО |
| 7 | 111.280.000 | СКОПЈЕ | 57.148.414 | СКОПЈЕ |
| 8 | 106.025.430 | СКОПЈЕ | 43.985.954 | РЕСЕН |
| 9 | 105.720.601 | СКОПЈЕ | 43.985.954 | РЕСЕН |
| 10 | 104.693.231 | СКОПЈЕ | 33.495.800 | СКОПЈЕ |

## СКОПЈАНИ НА ЛИСТАТА НА НАЈВИСОК ДОХОД ОД САМОСТОЈНО ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ

На врвот на листата за исплата на највисок доход од самостојното вршење на дејност повторно се скопјани, а највисокиот износ е 61.9 милиони денари. Во 10-те топ рангирани на листата се наоѓаат адвокати, нотари, угостители, одгледувачи на жито и мешункасти растенија и од дејноста производство на амбалажи од хартија.

| Ран. | Доход од самостојна дејност | Место | Доход од продажба на сопствени земјоделски производи | Место |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 61.943.579 | СКОПЈЕ | 18.958.100 | СКОПЈЕ |
| 2 | 45.158.728 | СКОПЈЕ | 11.348.279 | КОЧАНИ |
| 3 | 31.135.712 | СКОПЈЕ | 9.776.990 | ВЕЛЕС |
| 4 | 23.715.967 | СКОПЈЕ | 9.198.217 | СВЕТИ НИКОЛЕ |
| 5 | 23.226.443 | СКОПЈЕ | 9.103.062 | ГЕВГЕЛИЈА |
| 6 | 21.155.574 | ЛОЗОВО | 9.054.300 | СКОПЈЕ |
| 7 | 21.023.440 | СКОПЈЕ | 7.940.641 | ВЕЛЕС |
| 8 | 20.077.666 | ГОСТИВАР | 6.947.276 | ТЕТОВО |
| 9 | 16.462.369 | СКОПЈЕ | 6.889.099 | СКОПЈЕ |
| 10 | 15.659.914 | СКОПЈЕ | 6.512.033 | СКОПЈЕ |

Највисокиот доход од продажба на земјоделски производи е во износ од 18.9 милиони денари, а ја остварил жител на Скопје.

## ЗАКУПНИНИ, АВТОРСКИ ПРАВА И ПРАВА ОД ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ ВО 2022

Скопјанец остварил највисок бруто доход од закуп и подзакуп на имот (издавање на земјиште, станови и деловни простории, превозни средства и друг вид на имот) кој изнесува 37 милиони денари.

Скопјанец е прворангиран за остварен бруто доход од авторски права и други стварни права во износ од 22 милиони денари, по основ на права од индустриска сопственост е граѓанин на Охрид кој остварил бруто доход во износ 5,5 милиони денари.

| Ран. | Доход од закуп и подзакуп | Место | Доход од авторски и сродни права | Место | Доход од права од индустриска сопственост | Место |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 37.021.907 | СКОПЈЕ | 38.728.724 | СКОПЈЕ | 5.549.445 | ОХРИД |
| 2 | 30.385.737 | ВЕЛЕС | 23.942.737 | СКОПЈЕ | 5.494.505 | КУМАНОВО |
| 3 | 29.106.650 | КУМАНОВО | 15.999.857 | ШТИП | 5.420.555 | ШТИП |
| 4 | 19.810.968 | ОХРИД | 14.196.399 | СКОПЈЕ | 5.418.095 | СКОПЈЕ |
| 5 | 18.987.201 | ВЕЛЕС | 14.036.609 | СКОПЈЕ | 5.261.532 | СКОПЈЕ |
| 6 | 17.642.757 | СКОПЈЕ | 10.631.858 | СКОПЈЕ | 5.261.532 | СКОПЈЕ |
| 7 | 17.234.704 | СКОПЈЕ | 9.834.839 | СКОПЈЕ | 2.803.000 | КРИВА ПАЛАНКА |
| 8 | 16.863.383 | СТРУМИЦА | 9.832.190 | СКОПЈЕ | 2.689.023 | ГОСТИВАР |
| 9 | 16.550.460 | СКОПЈЕ | 8.511.002 | СТРУГА | 2.689.023 | ГОСТИВАР |
| 10 | 16.393.445 | СКОПЈЕ | 7.687.324 | СКОПЈЕ | 2.252.747 | СКОПЈЕ |

## КИЧЕВО И КОЧАНИ СЕ НАЈСРЕЌНИ ВО 2022 ГОДИНА!

| Ран. | Добивки од игри на среќа | Место |
|---|---|---|
| 1 | 32.942.323 | КИЧЕВО |
| 2 | 27.385.728 | КОЧАНИ |
| 3 | 26.710.944 | СКОПЈЕ |
| 4 | 20.775.411 | ОХРИД |
| 5 | 17.287.242 | СКОПЈЕ |
| 6 | 16.454.670 | КИЧЕВО |
| 7 | 16.284.451 | КИЧЕВО |
| 8 | 15.753.899 | СТРУМИЦА |
| 9 | 14.752.598 | СКОПЈЕ |
| 10 | 14.303.186 | ГОСТИВАР |

По основ на добивки од игри на среќа на граѓанин од Кичево се исплатени 32.9, милиони денари, а второрангираниот кој е од Кочани остварил износ од 27,3 милиони денари. И двајцата добивката ја оствариле од игрите на среќа организирани од Државна лотарија на Република Северна Македонија.

## НАЈВИСОКИ ПЕНЗИИ ВО 2022

Прворангираниот пензионер е од Скопје и пријавува странска пензија која изнесува 5,8 милиони денари на годишно ниво.

| Ран. | Пензија | Место |
|---|---|---|
| 1 | 5.823.159 | СКОПЈЕ |
| 2 | 2.692.615 | ДЕЛЧЕВО |
| 3 | 2.342.153 | СКОПЈЕ |
| 4 | 2.196.329 | СКОПЈЕ |
| 5 | 1.550.540 | СКОПЈЕ |
| 6 | 1.509.055 | РАДОВИШ |
| 7 | 1.499.679 | СКОПЈЕ |
| 8 | 1.363.733 | СКОПЈЕ |
| 9 | 1.327.207 | СКОПЈЕ |
| 10 | 1.012.994 | СКОПЈЕ |

## ДОХОД ОД ОСИГУРУВАЊЕ

Лице од Скопје е со највисок годишен бруто доход во износ од 9 милиони денари по основ на уплатени премии и исплатена осигурана сума.

| Ран. | Доход од осигурување | Место |
|---|---|---|
| 1 | 9.655.519 | СКОПЈЕ |
| 2 | 5.292.318 | ТЕТОВО |
| 3 | 5.028.313 | СКОПЈЕ |
| 4 | 3.646.821 | СКОПЈЕ |
| 5 | 3.611.114 | ТЕТОВО |
| 6 | 3.457.710 | СКОПЈЕ |
| 7 | 3.427.496 | СТРУМИЦА |
| 8 | 3.308.373 | СКОПЈЕ |
| 9 | 3.139.391 | ГОСТИВАР |
| 10 | 3.041.828 | СКОПЈЕ |

Категоријата **друг доход** вклучува доход од различни извори како што е доходот кој не е конкретно опишан во законот за данокот на личен доход и не е изземен од оданочување, доходот остварен од продажба на корисен цврст отпад, доходот остварен со електронска трговија преку интернет, доходот од маркетиншки интернет услуги, износот на неискористената финансиска помош, износот на неискористените донирани финансиски средства, како и кусоци кои не се предизвикани од вонредни настани (кражба, пожар или други природни непогоди), и не се на трошок на платата на одговорното лице.

Во оваа категорија жител на Тетово пријавил годишен бруто доход од 181.9 милиони денари кој е исплатен од странски компании кои работат со социјални мрежи и видео платформи.

| Ран. | Друг доход | Место |
|---|---|---|
| 1 | 181.910.846 | ТЕТОВО |
| 2 | 110.336.140 | СКОПЈЕ |
| 3 | 107.928.559 | СКОПЈЕ |
| 4 | 102.099.757 | СКОПЈЕ |
| 5 | 96.079.717 | СКОПЈЕ |
| 6 | 82.890.362 | СВЕТИ НИКОЛЕ |
| 7 | 73.887.040 | ВЕЛЕС |
| 8 | 73.096.779 | СКОПЈЕ |
| 9 | 61.684.529 | ВЕЛЕС |
| 10 | 57.826.665 | СКОПЈЕ |

*Лице кое во 2022 година било на 24 годишна возраст, кое остварило и пријавило доход од странство во износ од 61.684.529 денари е најмладиот милионер во евра, а лице на возраст од 77 години е највозрасниот милионер во евра кое остварило доход главно од дивиденди од компании во земјава во износ од 92.999.331 денари.*

*Најмлад „милионер“ во денари е лице од 9 годишна возраст со износ од 1.015.740 денари, додека највозрасниот е 97 годишен и има остварено доход во износ од 1.277.139денари.*

